# Јавно Комунално Претпријатие „ИЛИНДЕН" - о.Илинден

Ул."Гоце Делчев" бб
Тел. 2572-671; факс: 2550-578;
Ж.С-ка: 300000000475918
ЕДБ: 4030998337063
Комерцијална банка А.Д.Скопје


Јавно комунално претпријатие
„ИЛИНДЕН"
Бр. 04 - 2091/1
07. 12 2021 год.
Населба, ИЛИНДЕН

Врз основа на член 48 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 275/19 и 14/20), член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависнот од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ( "Службен весник на РМ" бр.11/15 и 35/18), како и Правилникот за систематизација на работните места во Јавното комунално претпријатие "Илинден" н.Илинден бр.01-310/3 од 30.10.2015 година со измените, Јавното комунално претпријатие "Илинден" н.Илинден, објавува:

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 03/2021
## за пополнување на работно место со унапредување

1. **Раководител на одделение за јавни набавки, со шифра КДР 01 02 Б04 011**, во Одделение за јавни набавки - Административна служба,
   **1 (еден) извршител.**

**Посебни услови:**

- Ниво на стручни квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Правни науки, Економски науки, Политички науки;
- Најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор

**Дополнителни услови:**

- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас
- да поминал најмалку две години на тековното работно место
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас

**Посебни услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија, активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

**Општи работни компетенции**

- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа, стратешка свест
- ориентираност кон странките/засегнати страни
- раководење
- финансиско управување

**Посебни работни компетенции**

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- потврда за положен испит за административно управување
- потврда за положен испит по јавни набавки

**Распоред на работно време:**

Работни денови понеделник-петок
Работни часови: неделно 40
Работно време од 07:30 часот до 15:30 часот.
Паричен нето износ на плата: 29.714,00 денари

НАПОМЕНА:
На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во ЈКП ,,Илинден" н.Илинден, кој ги исполнува горенаведените општи и посебни услови за пополнување на предметното работно место пропишани за соодветното ниво со Законот за административните службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Јавното комунално претпријатие "Илинден" н.Илинден

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на веб страната на ЈКП "Илинден" н.Илинден и на Агенцијата за администрација.

Кандидатите за унапредување се пријавуваат на интерниот оглас со поднесување на пополнетата пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку архивата на Јавното комунално претпријатие "Илинден" н.Илинден ја доставуваат до Одделението за општо правни работи и човечки ресурси.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот. Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција за унапредување, формирана од В.Д.Директорот на Јавното комунално претпријатие "Илинден" н.Илинден.

Со почит,

ЈКП ,,Илинден" н.Илинден
В.Д.Директор
Борче Мицановски

Јавно комунално претпријатие „ИЛИНДЕН" • Населба Илинден